Г Р А Д     С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Група членови на Советот на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Совет на Град Скопје

# Предлог-Одлука за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈСП Скопје – Скопје

Скопје, октомври 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 17-ѓ став 2 алинеја 1, а во врска со 26-а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Град Скопје на _________ седница, одржана на ____ 2024 година, донесе

**Одлука**
**за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈСП Скопје – Скопје**

**Член 1**

Од функцијата член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈСП Скопје - Скопје, се разрешува Даница Јованова.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-          /1
октомври  2024 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**Образложение**

Согласно член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

Согласно член 17-ѓ став 2 алинеја 1, основачот на јавното претпријатие може да го разреши членот на надзорниот одбор на јавното претпријатие по негово барање.

Даница Јованова член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење ЈСП Скопје – Скопје, на ден 16.08.2024 година поднесе писмена оставка број 27 – 9227/1, поради неспоивост на функција.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење ЈСП Скопје – Скопје.